# Танц спектакл со стотина учесници

Со целовечерен концерт танц студиото Зодијак го одбележ интернационалниот ден на танцот 29 април 2016. Стотина танчери на најразлична возраст се претставија со кореографии од класичниот балет, модерниот балет, современиот танц, а воедно беше през ентирана и итернационалната порака, која за оваа година ја напиша кореографот Lemi Ponifasio. Дел од концертот беше видео спотот за ЗОДИЈАК во авторство на Љупчо Атанасоски.

{AG}koncert-zodijak{/AG}

Ова е годишен концерт на Зодијак со кој се одбележаа 17 години постоење и одбележување на интернационалниот ден на танцот.

-Седумнаесет години и не е така мал период за креативно творење на нашето тло. Прилеп отскокнува од останатите градови по создавањето на таленти и креативци кои можат на најразличен начин да ја претставаат својата имагинација. Пред се, со танцот, како универзално средство за разбирање меѓу различните култури – додава Миладиноски.